# Здружение за одржлив развој Зелен Институт

# Повеќе зеленило за отпорно Скопје

1.02.2023-28.02.2024

# Цел на проектот

(од проектната пријава, дел „За проектот“, точка 3)

Спречување на појавата на топлински острови, намалување на загадувањето и емисијата на стакленички гасови и подобрување на квалитетот на животот во Градот Скопје.

# Под-цели на проектот

- (од проектната пријава, дел „За проектот“, точка 3)

1. Спречување на натамошната загуба на зеленило, негово ширење и зголемување на неговата отпорност, преку подобрување на законската рамка што го регулира развојот на урбано зеленило, урбанистичкото планирање и градење, со вклучен родов аспект.
2. Обезбедување сеопфатен и ажуриран зелен катастар, кој се користи во урбанистичкото планирање, како резултат на анализата на урбанистички планови и насоките за измена на законите
3. Зголемување на површината под урбано зеленило на деградирани површини во состав на станбените блокови
4. Создавање услови за подигање и одржување на урбано зеленило што е отпорно на климатските промени, преку обновување на расадникот на ЈП Паркови и зеленило и обука на вработените за садење и одгледување климатски отпорни видови.

# Целни групи, корисници и локација

- Целни групи: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Град Скопје и скопските општини, ЈП Паркови и зеленило и Шумарски факултет.
- Корисници: комисии за урбанистичко планирање формирани од општините, изработувачи на убанистички планови, формални и неформални граѓански здруженија („О2 иницијатива“, „Здравје пред профит“, „Зелен хуман град“, „За спас на Влае“, „Зелените од ГазиБаба“, „За расадник на можности“, „Пржино“, „Во одбрана на Буњаковец“ и др.), градежни компании / инвеститори, управители / сопственици на станови во рамките на станбените блокови и жители на Градот Скопје.
- Проектот ќе се спроведува во Град Скопје

# Очекувани резултати

- (од проектната пријава, дел „Активности“)
- Утврдени се потребните законски измени со вклученост и согласност на надлежните институции, воспоставени се предлог-стандарди за заштита на зеленилото и климата и дадени се препораки за вградување на родовите аспекти и потребите на граѓаните во процесот на урбанистичкото планирање.
- Утврден е статусот на Зелениот катастар и утврдени се деловите од градот за кои итно е потребно негово довршување; утврдени се предлог - законски измени заради финансирање и одржување / ажурирање на катастарот.
- Избрана е и озеленета деградирана површина во состав на станбен блок, по пат на јавен конкурс; утврдени се предлог - законски измени заради регулирање на финансирањето на подигањето и одржувањето на зеленилото во состав на станбените блокови
- Изработена е визија и проектен концепт за рехабилитација на расадникот во состав на ЈП Паркови и зеленило на ул. Илинденска и зголемен е капацитетот за производство на климатски отпорни видови преку спроведување пилот проект за рехабилитација на дел од расадникот со едукациско катче, кое ќе служи за обука на вработените на ЈП Паркови и зеленило, на студенти од Шумарски факултет, ученици и други заинтересирани.
- Спроведена е кампања / лобирање за прифаќање на законските измени од страна на надлежните институции и промовирани се проектните резултати.

# Прилог слики, мапи и сл.

